Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Дирекција за заштита и спасување

ПРОЦЕНКА

ОПШТИНА ВИНИЦА

ПРОЦЕНА
ЗА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

2022
ГОДИНА

ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

1. Географска положба

Територијата на општина Виница е распространета во источниот дел на Република Македонија,сместена помеѓу планината Плачковица на југ, Обозна и Голак на исток, Осоговските планини на север и пространата Кочанска котлина на запад, од која што општините го заземаат крајниот источен дел и зафаќаат површина од 432 км.кв.

2. Релјефна структура

Релјефот на територијата на општина Виница е поделен на два дела и тоа: рамничарски, помал дел, кој се протега главно долж реката Брегалница во правец исток-запад и продолжува долж течението на реката Осојница во правец северозапад-југоисток и ридско планински дел кој го зафаќа поголемиот дел од територијата во подножјата и внатрешноста на планината Плачковица, Обозна, Голак и мал дел од Осоговските планини, долж теченијата и сливните подрачја на Градечка река и реката Осојница со нивните притоки. Територијата е испресечена со неколку реки и помали потоци, чии што води се користат за наводнување на плодните површини. Надморската височина на територијата на општината се движи од 340 до 1.754 метри, со што територијата се дели на два дела: рамничарски и ридско-планински дел. Рамничарскиот дел е помал и се простира на надморска височина од 340-360 метри и во овој дел се наоѓа најплодната и најдобра земја. Овде се сместени сите површини под ориз, поголемиот дел од плодните ораници и бавчи кои изнесуваат 7277 хектари, ливадите кои заземаат 630 хектари и површините под овоштарници кои заземаат околу 400 хектари. Исто така, овде е застапено и оранжериското производство на 24 хектари. Во овој дел се сместени Градечко, Виничко, Истибанско, Липечко и Блатечко поле. Во овој рамничарски дел минува и левиот магистрален канал за наводнување од системот „Калиманци“ и е изградена каналска мрежа за наводнување од 36.000 метри.

Вкупната обработлива површина на територијата изнесува 8.516 хектари. Во геолошки поглед во овој дел се среќаваат најмногу песковито-глиновити слоеви со бочни прелази во шлунковити карпи, а најмлади седименти се речните тераси и алувијалните наноси.
Ридско-планинскиот дел од територијата е прилично испресечено земјиште со речните токови кои се наоѓаат на овој појас, со длабоки долини и вододерини, при што овој дел од територијата би можел да се подели на: ниско-ридчест дел кој се протека од 360-670 метри надморска височина, ридско-планински појас од 670-1200 метри и планински појас со надморска височина над 1.200 метри. Земјиштето во ниско-ридчестиот појас е доста плодно и во надголем дел се обработува (најмногу винова лоза и овоштарници), ридско-планинскиот појас е послабо обрабоеен,а пла-нинскиот дел е појас на високи букови шуми и пасишта (24.337 хектари шуми, 8.725 хектари пасишта). Тоа е појас на шумарството, сточарството и туризмот, богат со вода и пасишта.

3. Клима

На територијата што ја зафаќа општината Виница преовладува континентална клима со влијание на медитеранска клима со високи летни и ниски зимски температури. Ветровите најчесто дуваат од правец север и северозапад со просечни брзини без некои досега големи брзини. Врнежите од дожд и снег најмногу се присутни во пролетните, есенските и зимските месеци од годината со просечна количина од 10 мм. на квадрат. Падавините од снег во рамничарскиот дел од територијата обично се задржуваат кратко, додека во планинскиот дел се задржуваат нешто подолго. Досега нема подава на некои изразити покачувања на водостоите на реките при топењето на снегот во пролетните месеци,а со тоа и да претставуваат некоја поголема опасност по населението и материјалните добра.

4. Хидрографија

Најголема и најзначајна река е Брегалница која тече во правец северо-исток - југо-запад низ рамничарскиот дел од територијата и во неа се вливаат сите други реки и потоци. На истата е подигната и вештачката акумулација "Калиманци" со вкупна акумулација на вода од 120 милиони метри кубни.

Реката Осојница е лева притока на реката Брегалница која во својот среден тек со мал дел од нејзината должина тече во правец исток-запад низ рамничарскиот дел и во неа се вливаат сите други реки и потоци кои извираат во Плачковица и тоа: Виничка река, Блатешница, Брбушница, како леви притоки и Пекланска река и Сушица со своите притоки (Железница, Драгобрашка, Трсинска река) како десни притоки.

Виничка и Градечка река извираат од планината Плачковица длабоко сечејќи ја планината и минуваат низ градот Виница.

Блатешница е река која извира од Плачковица, богата со вода и минува низ Блатец и ги наводнува Блатечко и Липечко поле.

Од јужната страна на Осоговските планини, која е ден од територијата, нема поголеми речни токови освен одреден број на суводолици кои се вливаат во Брегалница.

5. Население и населби

5.1. Демографски карактеристики

На територијата на општина Виница се формирани вкупно 16 населени места во кои според пописот од 1994 година живееја вкупно 19.063 лица (Виница 17.058 жители, Блатец 2.005 жители), во 5.684 домаќинства (Виница 5.052, Блатец 632 домаќинства), со просечна населеност од 45 жители на км. квадратен.

Најголема населба е Виница во која живеат 9.971 жители во 5.033 домаќинства кои живеат во 3.256 станови. Овие бројки го искажуваат и бројот на градското население, бидејќи друга градска населба нема.

Втора по големина е населбата Блатец во која живеат вкупно 1.523 лица во 498 домаќинства и во 514 станови.

Во сите други останати населби на територијата живеат вкупно 7.559 лица, со вкупно 2.153 домаќинства и 2.123 станови.

Други поголеми населби се: Истибања, Јакимово, Градец, Липец, Драгобраште. Густината на населеноста е најголема во Виница и останатите населби во околината кои се наоѓаат во рамничарскиот дел, додека во останатите населби е помала, а најмала е во населбите од разбиен тип. Од вкупно 16 населени места, 12 населени места се од збиен тип на населби, а 4 населени места се од разбиен тип на населби. Во градот Виница е сконцентриран најголемиот дел од стопанскиите, општествените, образовно-културните и административни дејности.

На територијата се формирани 27 претпријатија од стопанството, 9 јавни установи и служби, 12 органи и 16 друштва и здруженија, а меѓу нив поголеми се: „МАКПРОГРЕС", „Мебел-Ви", „ШС Плачковица", „СБВ Рибов Македонија", „ЈКП Солидарност", „Винербергер", „Агробар" и др.

5.2. Комунална инфраструктура и карактеристики на градбата

Во најголемиот дел од населбите на територијата е застапена ниската градба на објектите, со исклучок на новите објекти и градби и некои други поединечни објекти во истиот. Со исклучок на новите објекти и градби кои се прават со рам конструкција и бетон, старите објекти се градени најчесто со бондрук и употреба на дрво и непечена тула и камен, што ги прави лесно запаливи во случај на пожар. Улиците се најчесто тесни и тешко проодни за поголеми возила и механизација со исклучок на Виница (освен стариот дел од градот) што ги прави населбите лесно рушливи и улиците лесно закрчливи, со појава на рушевини и пожари, оштетување на електричните инсталации, ПТТ и другите инсталации.

Водоснабдувањето на населбите е решено скоро во сите населени места со изградба на водоводи со зафаќање на природни извори, копање на бунари (Јакимово, Истибања и Виница) и зафаќање на

речна вода за пиење со прочистување во филтер-станици (Виница). Канализациона мрежа за спроведување на отпадните води и фекалии е изградено во Виница и Јакимово, Истибања.

5.3. Инфраструктура од областа на сообраќајот и врските

Низ територијата минува магистралниот патен правец Кочани - Каменица - Делчево - бугарска граница кој да поврзува со внатрешноста на Републиката и со Република Бугарија и регионалниот патен правец Кочани – Виница - Берово кој ја поврзува со останатите општини. Исто така, низ територијата минува и стариот макадамски пат Кочани - Калиманци - Делчево кој веќе се асфалтира.

Локалната патна мрежа е добро развиена. Сите населби се поврзани со патишта асфалтирани.

ПТТ сообраќајот е развиен во Виница, Блатец, Градец, Лески, Липец, Истибања и Јакимово.Со радио -врски се покриени скоро сите населби со УКБ системот на ПЕО Виница.

Со радио -врски се покриени скоро сите населби со УКБ системот на ПЕО Виница кој треба да се деактивира.

5.4. Пошуменост на теренот

Под шуми на територијата се опфатени 24.337 хектари или 56% од територијата, а најзастапени видови на дрво се: буката, дабот, борот, чемпресот и други дрва.

Во последните неколку години на територијата се вршени пошумувања на голините чија што површина достигна 3.678 хектари и тоа исклучиво со борови насади, а такви локалитети се: Самовилец, Капетански чуки, Грнчарка, Чучуланец, Воден, Бандера и некои помали површини.

Констатација е дејка територијата е релативно богата со шуми, а конфигурацијата на теренот овозможува лесен пристап и експлоатација на истите.

ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВИНИЦА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

1. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ЗЕМЈОТРЕСИ, УРНАТИНИ И РУДАРСКИ НЕСРЕЌИ

1.1. Загрозеност од земјотреси

Во регионално- геолошки поглед Кочанската котлина и нејзината периферија припаѓаат на компликуваното ерогено подрачје на Источна Македонија. По својата геолошка историја и геотектонска еволуција, овој регион со својата поширока околина се наоѓа на контактот на две геотектонски единици: Вардарска зона и Српско-Македонскиот масив на исток.

Контактот на овие две единици се карактеризира со длабоко интензивна тектоника односно со релативно млада магматска активност која се смета за зона на терцијална магматска реактивизација (Кратовско - Злетовски вулканизам).

Српско - Македонскиот масив е изграден од стари прекамбриски карпи претставен со дволискунски тракасти гнајсеви, разни микашисти и амфибиолити. Преку нив рифенкамбриските албит-кварц - мусковат - хлоридски шкрилци, потоа метагаброви и метадујазабези.

Самата Кочанска котлина е изградена од песковито - глиновити слоеви во горниот дел, со бочни прелази во шљунковити карпи кои сукцесивно се сменуваат со туфови и туфозни карпи, под кои се наоѓа вулкан ногено - седиментната формација на Кратовско-Злетовската област.

Територијата на општината се наоѓа на многу јако трусно подрачје. Врз основа на податоците од изготвените сеизмолошки карти, таа се наоѓа во подрачје подложно на земјотреси со јачина од 9° по скалата на Меркали – Канкани - Зиберг (MCS),а се граничи со подрачјето на Пехчево кое е во зоната со земјотреси од 10° јачина, а исто така може да биде под влијание на Дојранско - Валандовското трусно подрачје.

Изградбата и конструкцијата на градбите на објектите е шаренолика. Поголемиот дел од објектите во населбите се стара градба градена од камен, непечена тула, дрво, односно од слаб градежен материјал кој во многу случаи би бил склон и осетлив на рушење при појава на земјотреси, а помал е делот на новите градби со армиран бетон, железо, печена тула и рам конструкција, кој материјал е доста поотпорен на земјотреси.

Во градот Виница се изградени вкупно 3256 станови, од кои само оние од понова градба се со тврд материјал, додека објектите во „Суво маало“, „Циганси рид“и старите објекти изградени во централниот дел на градот се со послаб материјал и овде веројатноста за рушење е најприсутна, за разлика од објектите во „Бавчи“, „Бандера“, „Воден", „Пепелиште", „Ила" и објектите изградени во индустрискиот дел на градот кои се со тврд материјал и помалку склони на рушење.

Во Блатец најголемиот дел од објектите 80-90% се изградени од слаб материјал и овде опасноста од земјотреси и рушење е далеку поголема, со исклучок на новите градби на периферните делови.

Во останатите населби поголемиот дел од објектите, со исклучок на Лески, Јакимово, Истибања, Градец се од слаб материјал.

Имајќи ја ви предвид конструкцијата на градбата на објектите, категоријата на почвата и интензитетот на можните потреси, последиците од земјотрес би биле катастрофални.

Земјотрес со јачина од 9° по MCS ќе предизвика големи загуби во жива сила и материјални добра. Се очекува да бидат потполно уништени 10-15% од станбените објекти, потешко би биле оштетени 20-25% од станбените објекти, а полесно околу 40% од истите. Кај индустриските, јавните и другите објекти можно е рушење до 5% од објектите, претешки оштетувања до 10% и полесни оштетувања до 30% од објектите. Можни се тешки оштетувања на хидроакумулацијата „Калиманци“, што би довело до уште поголеми катастрофални последици во жива сила (5-7%) и материјални добра. Исто така би настанале големи оштетувања на комуналната инфраструктура, со тешки оштетувања на водоводната, електричната, ТТ инсталациите, канализационата мрежа, на сообраќајниците и мостовите.

1.2. Загрозеност од рударски несреќи

На територијата на нашата општина не располагаме со рудници, ниту со надворешен коп ниту со подземен коп. Несреќи од рудниците со подземна (јамска) експлоатација, како што е напред наведено на територијата на нашата општина нема зашто не располагаме со рудници.

1.3. Зарушувања (одрони)

Одрони кои на територијата на општината можат да се јават и тоа во многу мал обем е делницата на патот Виница – Берово и тоа на делот од раскрсницата за Драгобраште до превојот на Обозна односно границата на општините Виница со Берово и тоа се јавуваат инцидентно кога врне подолготраен дожд или преку зимата кога настапува топење на снегот.

1.4. Поплави

Територијата на општината Виница е испресечена со неколку реки, помали потоци и порои. Најголем дел од нив извираат од планината Плачковица и Обозна, а од страната на Осоговските планини нема некои поголеми реки,освен порои кои се јавуваат при обилни падавини од дожд.

Најзначајна и најголема река е Брегалница во која се вливаат сите други реки и е со должина на оваа територија од околу 16 км. На Брегалница во атарот на с. Калиманци е изградена акумулацијата „Калиманци" (земјена брана) на која е изградена и хидроцентрала со јачина од 12,8 МВ. Низводно, непосредно над с. Истибања е изграден бетонски зафат на кој се надоврзува хидромелиоративен систем со лев и десен канал за наводнување. До изградбата на браната, Брегалница во зимските и пролетните месеци вршеше поплавување на површините покрај речното корито, но со изградбата на браната вакви опасности веќе не постојат. Единствен случај за можност за поплави е ако дојде до рушење на браната, па во таков случај од поплавниот бран кој е доста висок се до Истибања

загрозени се: Истибања, сепарацијата на песок на XIV градилиште, АД ИГМ „Пролетер", оранжериите на ЗИК „Брегалница" и новата лупилница за ориз на ЗИК „Брегалница". Во Истибања е инсталирана електрична сирена од системот за тревожење на ПЕО Виница, како превентивна мерка во случај на опасност од поплава и е планирана евакуација на населението.

Реката Осојница во зимските месеци и рана пролет кога има обилни врнежи од дожд или топење на снегот во Плачковица го достигнува својот максимален водостој и е можно само поплавување на незнајни површини во Блатечко и Липечко поле, но не е можно нанесување на поголеми штети или човечки загуби.

Градечка река при исклучителен висок водостој ако до истиот дојде, може да загрози само неколку објекти покрај реката во с. Градец и површините низводно до Виница, а од таму реката е регулирана и бреговите пошумени, така да нема можности за некои поголеми поплави.

Виничка река, освен извесни поплавувања на површини до Виница, други можности за поплавувања нема, од причини што коритото е регулирано, се до устието во Осојница.

Другите реки од територијата (Пекљанска, Блатешница, Сушица, Драгобрашка река) поради големината и малото сливно подрачје, исто така, не претставуваат опасност од поплави.

Исто така и пороите на територијата не претставуваат опасност од поплави по луѓето и материјалните добра.

Од изнесеното се заклучува дека условите и можностите за појава на поплави и загрозување на луѓето и материјалните добра нема освен во случај на рушење на браната во услови на војна.

1.5. Пожари

Површините под шума на територијата зафаќаат 24.337 хектари или 56,4% од вкупната површина, која површина претставува значителна опасност за појава на шумски пожари, особено во летниот период од годината.

Најзастапено дрво е буката, потоа дабот, чемпресот, габерот, борот и други на кои се надополнуваат и пошумените голини со борови

садници. Услови за појава на пожари има особено од човечкиот фактор и поради густината на шумата има можност и за лесно ширење на истите.

Услови и можности за појава на пожари има и во индустриската зона на Виница каде, како погонско средство или за затоплување, има извесни складирани количини на гориво и нафта, а и материјалите и суровините за производството се лесно запаливи (дрво, сунѓер, ПВЦ материјали, синтетика и друго).

Во населените места и индивидуалните објекти има можности, а посебна опасност се старите делови од Виница и Блатец каде објектите се со слаб градежен материјал лесно запалив, улиците се тесни, објектите збиени и лесно може да се пренесува пожарот. Во селските населби опасноста од пожар покрај слабиот градежен материјал го надополнуваат и придружните објекти (плевни, шупи, настрешници) кои се градени од дрво и во истите се чуваат лесно запаливи материјали (сено, слама и др.).

Заклучок е дека опасности од појава на пожари на територијата има, но не со некои катастрофални последици.

2. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОПЛАВИ И УРИВАЊЕ НА ВИСОКИ БРАНИ

2.1. Загрозеност од поплави при уривање на високите брани

На територијата што ја зафаќа општината Виница единствена висока брана е „Калиманци", а постојат уште две помали акумулации (земјени брани) во атарот на Блатец во непосредна близина на селото. Браната „Калиманци" како висока брана, една од најголемите во Републиката, во случај на нејзино излевање или рушење претставува опасност по населбите и објектите низводно од браната, а тие се:

-Населбата Истибања со 1.418 жители кои живеат во 403 домаќинства и 403 станови, 196 грла крупен добиток, 2.320 грла ситен добиток, 1.870 грла живина, 300 кошници со пчели, обработливи површини, земјоделска механизација и други возила и машини;

-Сепарација за песок;
-„Винербергер“ - Виница до „МАКПРОГРЕС“ - Виница;
-Обработливо земјиште покрај реката;
-Дел од магистралниот пат Кочани- Каменица- Делчево- граница со мостовите;
-Мостот на патот Виница- Кочани.
На браната постои набљудувачка служба, а во Истибања и „Винербергер“ Виница се инсталирани електрични сирени за тревожење од системот за тревожење на ОО Виница.
Планирана е евакуација на населението од Истибања според документите од евакуацијата како мерка на заштита и спасување.

3. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД СНЕЖНИ НАМЕТИ, ЛАВИНИ И ЛУЊИ

Територијата е под влијание на умерено - континентална клима со влијание на медитеранска клима кода овозможува релативно влаги зими со мали врнежи од снег, со исклучок на планинските предели на 1.000 метри каде врнежите се пообемни и се задржуваат нешто подолго време во текот на зимата.
Снежните врнежи во пониСкиот дел од територијата се мали и со краткотрајно задржување, најмногу со дебелина од 10-15 сантиметри, а во планинскиот дел од 30-50 сантиметри.
Снежни намети се јавуваат само на поодделни места во Плачковица и тоа на шумските патишта кои се користат за експлоатација на дрвото.
На територијата нема услови за формирање на снежни лавини.

3.1. Загрозеност од градобијност

Градот како природна непогода се појавува во летните месеци од годината, а Републиката на територијата има 6 метеоролошко - радарски - противградобијни центри во кои спаѓа и МРПЦ „Виница" кој е лоциран во Виница.
Со тоа загрозеноста од градобидност е сведена на минимум.
Во општината функционира МРПЦ (метеоролошко-радарски-противградобијен центар).

4. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

Површините под шума на територијата зафаќаат 24.337 хектари или 56,4% од вкупната површина, која површина претставува значителна опасност за појава на шумски пожари особено во летниот период од годината.

Најзастапено дрво е буката, потоа дабот, чемпресот, габерот, борот и други, на кои се надополнуваат и пошумените голини со борови садници. Услови за појава на пожари има, особено од човечкиот фактор и поради густината на шумата има можност и за лесно ширење на истите.

Услови и можности за појава на пожари има и во индустриската зона на Виница каде, како погонско средство или за затоплување има извесни складирани количини на гориво и нафта а и материјалите и суровините за производството се лесно запаливи (дрво, сунѓер, ПВЦ материјали, синтетика и друго).

Во населените места и индивидуалните објекти има можности, а посебна опасност се старите делови од Виница и Блатец каде објектите се со слаб градежен материјал лесно запалив, улиците се тесни, објектите збиени и лесно може да се пренесува пожарот. Во селските населби опасноста од пожар покрај слабиот градежен материјал го надополнуваат и придружните објекти (плевни, шупи, настрешници) кои се градени од дрво и во истите се чуваат лесно запаливи материјали (сено, слама и др.).

Заклучок е дека опасности од појава на пожари на територијата има, но не со некои катастрофални последици.

5. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

На територијата на општината во поглед на загрозеност од НУС може да се каже дека истата е минимална бидејќи од досегашното искуство на овој план се откриени многу мали количини на НУС кои датираат повекето од Првата светска војна кои средства се во мали количини и со минимални дози на опасност од проста причина што истите се од мал калибар.

6. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД СВЛЕЧИШТА И ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

На територијата има многу малку терени кои се подложни на лизгање и ниту едни од нив не претставува посебна опасност по населението и материјалните добра.

Единствено досега регистрирано лизгање на земјиштето е регистрирано на патот Виница - Берово во м.в.„Боровец" кај Мискинџиска чешма, но тоа е мало клизиште и патот брзо се оспособува за премин.

Во близина на с. Градец во м.в. „Карпајо" пред извесно време е регистрирано мало померување на земјиштето и стварање на мал расед, но повеќе не се појавува и не претставува опасност по луѓето и материјалните добра.

7. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ЕПИДЕМИИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

Можноста за настанување и ширење на епидемии на заразни болести во многу зависи од санитарно - хигиенските прилики во населените места, од здравствената култура и здравствената служба на територијата.

Имајќи ја во предвид добро организираната здравствена заштита, условите за појава на епидемии е сведена на минимум.

Како можна појава на епидемија е грипот кој во зимските месеци понекогаш се подавува и хепатитисот кај населението.

Кај домашните животни има заболувања од шугавец, антракс, кокошја чума, но тие засега редовно и навремено се сузбиваат.

Во услови на настанување на определени природни непогоди (земјотреси, поплави) како резултат на новонастанатите нехигиенски услови, недостиг на вода и загадување на истата и други причини, се зголемува можноста за подава на епидемии на заразни болести како што се тифусот, дизентерија, хепатитис или тетанус.

Кај растенијата најчести болести се пламењачата, пепелницата, гламња кај житариците, појавата на глодарите, појавата на гасеницата, компировата златица и некои други инсекти.

8. ЗАГРОЗЕНОСТ НА ЖИВОТНИТЕ И ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

На територијта на општината добиточниот фонд се наоѓа во приватна сопственост и тој се дели на рамничарски кој ги опфаќа Виница и околните населб во рамничарскиот дел на територијата и ридско-планинскиреон што ги опфаќа населбите што се наоѓаат во истиот дел од територијата.Во рамничарскиот дел е застапен повеќе ситниот добиток и живината а во ридско-планинскиот реон е застапен крупниот добиток, ситниот добиток и живината.
Спрема статистиката територијата располага со 5620 грла крупен добиток, 33.210 грла ситен добиток , 32.730 броја живина и 2000 кошници со пчели.

9. ЗАГРОЗЕНОСТ НА РАСТЕНИЈАТА И ПРОИЗВОДИТЕ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

На територијата на општината се одгледуваат разни земјоделски култур од кои се добиваат разни растителни производи во зависност од земјиштето кое е со различен квалитет и категории и различен тип на земја. Од податоците со кои се располага на терироријата на општината располагаме со 12.570 хектари обработлива површина на која површина се застапени оризот, пченица, јачмен, пченка, лозје, овоштарници, тутун и разни градинарски култури.

10. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА КОНТАМИНАЦИЈА И АКЦИДЕНТИ СО ОПАСНИ МАТЕРИИ

На територијата на општина Виница немаме лоцирано објекти кои би претставувале некоја опасност на планот на РХБ како и од акциденти со опасни материи.

11. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОГОЛЕМИ СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Може да се каже дека на територијата на општината не се сконцентрирани поголеми патни правци кои би можеле да предизвикаат поголеми сообраќајни несреќи, а исто така не располагаме ниту со железнички сообракај како потенцијална опасност за создавање на услови за сообракајни несреќи од поголеми размери.

12. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ДРУГИ ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ

На територијата на општината не се предвидуваат други вонредни состојби кои би можеле да бидат предмет на опсервација или имплементирање на истите во севкупната процена на загрозеност.

13. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Од причина што на територијата на општината не се наоѓаат поголеми стопански објекти кои би можеле да се земат како потенцијални можности за создавање на технолошко-техничко загрозување на популацијата а воедно и на животинскиот и растителниот свет на просторот на нашата општина, аналогно на тоа ваквата опасност не се проценува, ниту се планира заштита од истата.

1. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Врз основа на геостратегиската положба на општината, може да се констатира потреба од планирање и организирање на засолнување на дел од населението во општината, што налага потреба од изградба на засолништа односно планирање и организирање на засолнувањето како заштитна мерка.

Од извршените анализи на теренот, бројот на населението и бројот и видот на објектите за живеење, како и загрозеноста на територијата, се дојде до заклучок дека вкупните потреби на засолнишни места во градот изнесуваат 7916 од кои досега се изградени 1327 засолнишни места а за останатите да се планира изградба на засолништа или адаптација на постоечките подрумски простории во објектите. Опремувањето на изградените засолништа не е на потребното ниво односно во сите досега изградени засолништа опремувањето од првата фаза е завршено, опремувањето од втората фаза е недоволно и ја има само во едно засолниште, а опремувањето со опрема од трета фаза е вршено во две засолништа.

Јавни засолништа во општината не се градени ниту се планирани поради финансиски причини.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Поплавите на територијата на општина Виница како најголеми причини и предизвикувачи се излевањата на водите од коритата при што настануваат големи штети во земјоделието, водостопанството, стамбените и стопанските објекти, патниот, ПТТ сообраќај, општествените дејности и друга инфраструктура.

Особено изразена е опасноста од појава на поплави низводно од високите брани на езерата и хидроакумулациите, кои со оглед на количината на водите, зафатот и висината на поплавниот бран, конфигурацијата на теренот и слично, може да предизвикаат разорни последици.

Во општина Виница не постои целосно изграден систем за заштита и спасување од поплави (целосна регулација на водотеците и реките,

изграденост на одбрамбените насипи, целосно уредени порои, планови за заштита и спасување од поплави во сите подрачја и региони) и како резултат на ваквата состојба водостопанските објекти во општината недоволно и несоодветно се одржуваат, што преставува голема пречка за ефикасноста при преземањето на активностите и мерките за заштита и спасување од настанатите поплави.

Со цел елиминирање или намалување на опасностите од појава на поплави, како и успешно справување со последиците кои може да бидат предизвикани со настанување на евентуални поплави, потребно е да се преземат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување, од страна на сите субјекти кои имаат одредени надлежности на планот на заштита од поплави и тоа како во редовните услови за работа, така и во услови на појава на поплави како природна непогода.

Превентивните и оперативните мерки за заштита од поплави опфаќаат цела низа активности и тоа:

-Редовно и навремено чистење на речните корита и каналитеодхидромелиоративниот систем;

-Изградба на заштитни појаси на речните корита, особено на местатакадесеевидентирани чести излевања на водите;

-Континуирано одржување на каналите од хидромелиоративниотсистем(примарна, секундарна и терциерна каналска мрежа) во исправна состојба;

-Воспоставување на соодветен режим на работа на каналитеодхидромелиоративниот систем, имајќи ги предвид капацитетот и пропусната моќ на истите;

-Редовно одржување на водостопанските објекти (шахти, вентили, пумпи, затварачи и слично);

-Обележување на поплавниот бран во загрозените подрачја низводно од високите брани;

-Оперативни планови со мерки за отстранување на последиците при ненадејно рушење на браните;

-Технички решенија за уредите за известување и тревожење на населението во загрозените подрачја низводно од браните;

-Оперативни планови за заштита и спасување на населението и материјалните добра во загрозените подрачја низводно од високите брани;

-Проверка на систем за автоматско јавување за можна поплава и негово поврзување со сите надлежни институции;

-Утврдување на безбедносни коти на нивото на водата во акумулациите и разработен начин за празнење во случај на опасност од уреивање на браната;

-Запознавање на населението за опасностите од појава на поплави и уривање на брани и нивно обучување и оспособување за превземање на мерки и постапки за заштита и евакуација во тие услови;

-Обновување и доопремување на метеролошките-радарско-противградобијни центри;

-Обезбедување и оспособување на специјализиран стручен кадар;

-Навремено обезбедување и оспособување на стрелци, ПГ ракети, резервни дедови за постојната опрема, радари, возила и слично;

-Заштита и спасување на луѓето, животните и материјалните добра од поплавените објекти и нивно згрижување;

-Формирање, пополнување, обучување, оспособување и ангажирање на републичките и регионалните единици за заштита од поплави и тимовите за брз одговор;

-Ангажирање на просторните единици за заштита и спасување формирани во единиците на локална самоуправа и трговските друштва, јавните установи и служби.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ

На територијата на општина Виница постојат големи можности за настанување на пожари и нивно брзо ширење, како во општествениот така и во приватниот сектор. Пожари се појавуваат во градските и селските населби, индустриските објекти, шумските комплекси и земјоделските површини.

Заштитата и спасувањето од пожари опфаќа:

-Подготовка и спроведување на превентивни мерки во сите средини ,објекти, места и простории каде постои можност за настанување на пожар;

-Организирање и подготовка на силите за гаснење на пожари ;

-Организација на набљудување и известување за појава на пожар ;

-Гасење и локализирање на пожари:

-Спасување на луѓе, материјални и други добра од објектите и подрачјата загрозени од пожар.

Најголем број на пожари во општината Виница се случуваат на шумски површини и други отворени простори. Ако се земат податоците на овој план во републиката , а кои се следните:

На територијата на РМ преовладува умерено-континентална и медитеранска клима, што има големо влијание во однос на загрозеноста од шумски пожари. Според податоците во 2000 година која беше исклучително сушна, загрозеноста на шумите беше мошне изразена. Таа година избиле 476 шумски пожари.Зафатена е површина од 46235,73 ха шума, а уништено е 711782 м3 дрвна маса. Во1999 година регистрирани се само 69 пожари, а 2001 година имало 161 шумски пожари.

Шумите и шумското земјиште завземаат 965.650 ха од вкупната територија на Републиката, од кои државни шуми се 859.427 ха или 89 %, а приватни шуми 106.223 ха или 11 % од вкупната површина под шуми.

Шумските површини со кои стопанисуваат ЈП „Македонски шуми", Националните паркови и шумскиот резерват „Јасен" изнесуваат :

Шумско земјиште 115.663 ха

Високостеблени шуми 264.080 ха

Нискостеблени шуми 526.221 ха

Шикари 41.294 ха.

Шумските пожари предизвикуваат значителни материјални штети во стопанството а се загрозува и функцијата на шумите во зачувување на човековата околина, земјиштето, сообраќајниците и низа други општо корисни функции што ги овозможува шумата. Во периодот од 1999 до 2006 година во Републиката се регистрирани вкупно 1.191 шумски пожари при што изгорела разновидна шума (листопадна,четинарска,мешана, деградирана и слично.)

Според статистичките податоци, најголемиот дел од пожарите е предизвикан од луѓето со нивното несоодветно однесување и негрижа при престој во шумските комплекси, особено чувари на добиток, излетници, кампери, ловци, собирачи на лековити и ароматични растенија и други шумски плодови.

Други причини за појава на пожари се невнимание, удар на гром, бесправна сеча, а има регистрирано и случаи на намерно палење и предизвикување на пожари.

Од пожарите што настануваат на земјоделски површини страдаат повеќе стотици хектари со житарица и стрништа.

Во 2000 година настанале 36 пожари, од кои 31 на стрништа и 5 на житарица.

Пожарите кај шумите и земјоделските површини се случуваат во летните месеци и со оглед на временските услови, како и заради несоодветно преземени превентивни мерки за заштита од страна на шумските стопанства и земјоделските организации брзо се прошируваат и зафаќаат големи површини.

Поголемите градови и населени места во Републиката, поради несоодветно спроведените урбанистички мерки за заштита (неправилен распоред на објектите и недоволно меѓусебно растојание на објектите осетливи на пожар), како и големиот број на топлотни извори, исто така претставуваат погодна територија за настанување на пожари. Градежните недостатоци не се непосредни причинители за пожар, но затоа можат да бидат причинители за нивно ширење, така што се зголемуваат штетите и опасностите за луѓето.

Карактеристични примери на непосредни причинители за појава на пожари се неисправни и оштетени оџаци, ложишта, дотраени електрични и плински инсталации, пренесување на пожар од објект на објект, голема густина на изграденост, користење на лесно запаливи градежни материјали при изградба на објектите и слично.

Изградбата на станбени згради и друг вид на објекти без пропишаните урбанистичко-технички мерки за заштита ја отежнува интервенцијата на силите за гаснење на пожари и се создава можност за брзо ширење на пожарот што може да има катастрофални последици. Врз обемот на последиците битно влијае и недостигот на вода за гасење на пожари и состојбата на улиците и патиштата. Тенденцијата за изградба на објекти со повеќе катови неповолно влијае на ефикасноста во спасувањето на луѓето и материјалните добра од опожарените објекти, како и за локализирање и гасење на пожарите, пред се заради несоодветни приоди, непостоење потребен број исправни хидранти, соодветна опрема за спасување на луѓето и за гаснење на пожар.

Опасноста од пожари уште повеќе ја зголемува постоењето на голема количина на запаливи материи во населените места како што се складовите на лесно запаливите материи и течности, бензиските пумпи, резервоарите за погонско гориво на топланите, лесно запаливиот градежен материјал и слично.

Појавата на пожари особено е изразена во поголемите урбани средини каде во близина на станбените реони се сконцентрирани голем број на индустриски објектидотолку повеќе што најголем дел од нив во својот технолошки процес употребуваат лесно запаливи, експлозивни и отровни материи. Поради зголемена пожарна опасност во ваквите урбани средини потребно е вршење на постојан надзор и систематско спроведување на превентивните мерки за заштита.

Поради начинот на градба, видот на градежен материјал, густината на градење, состојбата на инсталациите, микролокацијата на складовите со запаливи материјали и течности, остварениот степен на заштита, може да се заклучи дека во Републиката постои висок степен на осетливост на објектите на пожари.

Можностите за заштита од пожар се бројни и со нивно планско и систематско спроведување, може во голема мера да се смали ризикот од пожар, односно може да се намалат неговите размери и последици.

Заради успешна и ефикасна заштита од пожари, особено внимание треба да се посвети на урбанистичките и градежните мерки.и тоа во однос на:

-Микролокација на објектите;

-Вградување на инсталации, уреди и средства отпорни на пожари;

-Изградба на соодветни сообраќајници и приодни патишта, како и слободни површини за ефикасна интервенција.

-Намалување на пожарната осетливост на објектот (вид на градежниот материјал, опрема, вид на конструкција_и сл.);

мерки кои овозможуваат локализација и спречување на ширење на пожарот;

-Мерки кои овозможуваат успешна интервенција при гасење на пожарот и спасување на луѓето, материјалните и други добра.

-Изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција, како и вградени автоматски детектори за пожар.

Иако во изминатиот период се преземени низа мерки и активности за подобрување на состојбите во заштитата од пожари и експлозии, сепак општите безбедносни состојби во оваа област се уште не се на потребното ниво.

Во Република Македонија дејствуваат 30 професионални противпожарни единици со вкупно околу 800 професионални пожарникари. Покрај тоа, дејствуваат и 12 територијални противпожарни единици во состав на претпријатијата со околу 600 пожарникари.

На подрачјето на поголем број на општини во Републиката покрај територијалните професионални единици во заштитата од пожари активно учествуваат и доброволни противпожарни единици во состав на противпожарните друштва. Бројот на доброволни противпожарни единици е 129, со вкупно околу 4000 активни членови.

Од анализата на работата на противпожарните единици, може да се констатира дека дел од нив не се оспособени за гасење на средни и големи пожари како и за спасување на луѓе и имот загрозени од пожарот. Противпожарните единици не се кадровски пополнети и обезбедени со материјалнио-технички средства и опрема, согласно важечките стандарди.

Во однос на опременоста треба да се каже дека недостасуваат возила, цистерни, хидраулични скали за гасење на повисоки катови, спусници (отворени, затворени, спирални), како и поситни МТС неопходни за успешно дејствување. Постојните противпожарни возила и опрема се постари од 10 години, а добар дел од возилата се во употреба 30 и повеќе годинии како такви се неисправни или со сомнителна техничка исправност што има битно влијание во однос на ефикасноста на средствата како и безбедната употреба на истите.

Старосната структура на пожарникарите е неповолна, имајќи предвид дека околу 35% имаат преку 40 години, што значи дека не се во полна физичка кондиција за брзо и ефикасно дејствување при појава на пожар.

Единиците на локална самоуправа, во чија надлежност е противпожарната заштита, не издвојуваат доволно финансиски средства за опремување на противпожарните единици.

На територијата на општината постои основна и алтернативна патна мрежа, меѓутоа одреден број патишта се во лоша состојба и тесни коловози, со што се намалува проодноста и тоа претставува отежнувачка околност за ефикасна употреба на противпожарните единици.

Треба да се напомене дека обученоста на граѓаните за гасење на пожари, ракувањето со противпожарните средства, свеста за потребата за придржување и спроведување на превентивните мерки не е на задоволително ниво.

4. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

На целата територија на општина Виница има присуство на минимални количини на неексплодирани убојни средства (НУС) и истите преставуваат одредена потенционална опасност за населението со оглед на нивната експлозивна и убиствена моќ.

Дирекцијата за заштита и спасување планира - ПОЗС, организира и спроведува континуирани мерки и активности за пребарување на територијата, пронаоѓање на НУС, транспорт, ускладиштување и нивно уништување.

Со оглед на опасностите, видот и карактерот на последиците кои може да бидат предизвикани врз населението и материјалните добра, заштитата од НУС преставува мошне комплексна мерка за заштита и заради тоа е потребно доследно придржување кон одредбите на пропишаните стандардни оперативни процедури од страна на сите субјекти вклучени во таа проблематика, почнувајќи од нивното откривање, утврдување на видот., експлозивното цолнење, извлекување на безбедно место, транспорт, складирање во соодветни магацински простории, се до нивно уништување. При извршување на сите наведени мерки и активности, од приоритетно значење е безбедноста на лицата кои истите ги спроведуваат (пиротехничари, санитетски екипи, возачи), како и безбедноста на населението и материјалните добра, кои се непосредно загрозени од пронајдените НУС.

Со цел намалување или елиминирање на несакани последици врз населението, при пронаоѓање на било какво НУС потребно е да се обезбеди местото на негово пронаоѓање и во најбрз можен временски период да се извести Дирекцијата за заштита и спасување - одделенијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи или најблиската полициска станица.

Дирекцијата за заштита и спасување има формирано, опремено и оспособено 5 тимови за брз одговор за заштита од НУС, кои се распоредени по региони и кои се подготвени за краток временски период да интервенираат и да ја отстранат опасноста.

Во зависност од условите на теренот на кој е пронајдено НУС се преземаат мерки за негово идентификување, изземање и «ранспорт

до магацинските простории. Доколку безбедносните услови на теренот дозволуваат и доколку постои опасност при вадење, пронајденото НУС се уништува на местото на пронаоѓање со преземање на сите пропишани мерки за негово безбедно уништување, согласно Упатството за стандардните оперативни процедури.

5. СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Во општина Виница постои одреден степен на загрозеност од урнатини, кои може да бидат предизвикани при појава на:
-Земјотреси
-Диверзии и
-Други видови природни непогоди.

Од податоците дадени во проценатa за загрозеност се гледа дека територијата на општина Виница спаѓа во релативно активно сеизмичко подрачје каде е можна појава на земјотреси со различен интензитет и голема разорна моќ. Земјотресите може да предизвикаат голем број на човечки жртви (загинати, повредени, затрупани лица) и уривање на стамбени, деловни и инфраструктурни објекти (водоводна и канализациона мрежа, електрични и ПТТ водови, високи брани на хидроакумулациите, мостови и слично).
Со оглед на тоа што појавата на земјотрес не може да се спречи, ниту точно да се предвиди и определи времето, местото и интензитетот на неговата појава, неопходно е потребно придржување и целосно почитување на прописите со кои се пропишани стандардите за градење со што би се зголемила отпорноста на сите видови објекти, а со тоа би се намалил бројот на жртви и материјални штети.
Појавата на урнатини, без оглед на причините поради кои настанале претставува сериозна опасност и може да предизвикаат големи последици кај населението и материјалните добра.
Со цел отстранување или намалување на опасностите и евентуалните последици врз луѓето и материјалните добра

потребно е преземање на превентивни мерки за заштита од страна на сите задолжени субјекти и во сите општествени средини, особено при проектирање и изградба на стамбени објекти, индустриски и производствени капацитети и инфраструктурни објекти, како и соодветно планирање и уредување на просторот и животната средина.

Во случај на појава на урнатини од било кој вид и обем, заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра се организираат и спроведуваат оперативни мерки за заштита и спасување од урнатини кои опфаќаат:

-Извидување на урнатината;

-Пронаоѓање на лица затрупани во урнатината;

-Осигурување на оштетените и поместените делови од конструкцијата за спречување на понатамошно уривање;

-Извлекување надвор од зоната на урнатините;

-Спасување на затрупаните;

-Укажување на прва медицинска помош и

-Преземање на други слични активности.

Во спроведувањето на оперативните мерки за заштита и спасување од урнатини и справување со опасностите и настанатите последици, учествуваат сите надлежни субјекти од различни области (градежништво, комунални дејности, транспорт, здравствена заштита, угостителство, образование и други), со ангажирање на персоналните и материјално-техничките ресурси со кои располагаат. Исто така, во спроведувањето на мерките за заштита и спасување се ангажираат и организираните сили за заштита и спасување и тоа:

-Единици за спасување од урнатини;

-Единици за прва медицинска помош;

-Единици за противпожарна заштита;

-Единици за извидување на теренот на кој има појава на урнатини;

-Тимови во зависност од потребата;

-Просторни единици за заштита и спасување формирани во месните самоуправи и трговските друштва.

Во зависност од опасностите и предизвиканите последици во оперативните мерки и активности може да се вклучат и хуманитарните здруженија и невладините организации кои ги исполнуваат основните критериуми за учество и кои располагаат со соодветни персонални и материјално-технички ресурси.

6. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Мерките за заштита од техничко-технолошки катастрофи во себе содржат, покрај непосредната заштита на човекот и материјалните добра и нагласена еколошка димензија. Еколошката димензија на заштитните мерки тргнува од сознанието дека животната средина е ограничен ресурс, кој во одделни средини, а и во глобални рамки е доведен на границата на издржливост.

Една од можните неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко-технолошки катастрофи е просторното и урбанистичкото планирање, кое преку осознавање на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

-Оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;

-Оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;

-Анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;

-Дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појава на инцидентни случаи;

-Процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;

-Утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност:

„Службен весник на РМ“ бр. 117 од 01.10.2007 година;

Со примена на оваа методолошка постапка може да се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи;

-Максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;

-Вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;

-Интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот на прашањата поврзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокаата животна средина постојат три нивоа на преземање на безбедносни односно превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошките катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Врз основа на констатациите и заклучоците кои произлегуваат од анализата на состојбите во Република Македонија и условите за појавата на акциденти и технолошки катастрофи изготвена од Институтот за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје содржана во експертскиот елаборат.

„Услови за појава и заштита од техничко-технолошки катастрофи“ во спроведувањето на Просторниот план на Републиката треба да се има предвид следното:

-Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.

-Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.

-Потребата од замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти; редукција на сегашната емисија на голем број опасни супстанци до 50% и редукција на емисија на бензин, хлорметан, дихлоретан, бакар и кадмиум од 60-70%; намалување на емисијата на јаглероден-диоксид и сулфур-диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.

-Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Во услови на природни непогоди и други несреќи предизвикани од опасни материи со радиолошко, хемиско и биолошко дејство, земјоделските и шумските растенија, се изложени на дејства на голем број болести и штетници, кои може да нанесат големи материјални штети, со значајно намалување на приносите и намалување на квалитетот на земјоделските производи, како и намален прираст на дрвната маса, а во одделни случаи да предизвикаат и сушење на шумските насади.

Кај растенијата и производите од растително потекло можна е појава на најразлични болести, кои во зависност на интензитетот и местоположбата може да предизвикаат значителни штети и заради тоа се наметнува потребата за навремено преземање на превентивни и оперативни мерки за нивна заштита од страна на:

-Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
-Специјализираните институти за земјоделство, раноградинарски производи, тутун и слично;
-„Македонски шуми“ и нејзините подрачни организациони единици;
-Земјоделските комбинати и трговските друштва кои стопанисуваат со земјоделски површини;
-Единиците на локалната самоуправа;
-Трговските друштва од преработувачката индустрија;

Во заштитата на растенијата и производите од растително потекло учествуваат и организираните сили за заштита и спасување кои се формирани на регионален принцип и кои ја покриваат целата територија на Република Македонија, но истите во наредниот период треба да се обучат, оспособат и опремат согласно персоналниот и материјалниот состав, со цел да можат успешно и ефикасно да се справат со опасностите и евентуалните последици предизвикани од природните непогоди.

7. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Низ територијата на општина Виница минува магистралниот патен правец Кочани – Истибања – Каменица – Делчево – Бугарска граница кој се поврзува со внатрешноста на Републиката и со Република Бугарија и регионалниот патен правец Кочани – Виница – Берово кој ја поврзува со останатите општини. Исто така, низ територијата минува и стариот макадамски пат Кочани – Калиманци – Делчево кој е веќе асфалтиран.
Локалната патна мрежа е добро развиена. Сите населби се поврзани со асфалтирани патишта.
ПТТ сообраќајот е развиен во Виница, Блатец, Градец, Лески, Липец, Истибања и Јакимово.
Со радио-врски се покриени сите населби.
Од напред наведеното произлегува дека не би имале поголеми сообраќајни проблеми на целата територија на општината.

8. ЕВАКУАЦИЈА

Евакуацијата се планира, организира и спроведува во услови кога на територијата за која се проценува дека може да биде зафатена од природни непогоди и други несреќи, односно територијата на која веќе има појава на природни непогоди и други несреќи, со другите мерки за заштита и спасување не може да се обезбеди соодветен степен на заштита на луѓето и материјалните добра.

Имајќи ја предвид загрозеноста на општината од природни и други несреќи, видот и карактерот на опасностите, како и последиците кои може да бидат предизвикани во тие услови, се наметнува потребата од планирање, организирање и спроведување на евакуација на населението и тоа пред се на следните категории на граѓани:

-Бремени жени и мајки со деца до 7 години;

-Деца и ученици до 14 години;

-Инвалиди, стари, болни и изнемоштени лица;

Врз основа на погоре изнесеното, се проценува дека во општина Виница на евакуација подлежат околу 230 граѓани, од кои:

-Бремени жени и мајки со деца до 7 години – 200;

-Инвалиди, стари, болни и изнемоштени лица – 30;

Евакуацијата начелно треба да се планира од населени места и подрачја кои може да бидат изложени на РХБ деконтаминација, техничко-технолошки акциденти, подрачја кои се наоѓаат во зафатот на поплавните бранови низводно од високите брани на хидроакумулациите, како и од подрачјата загрозени од природни непогоди од поголеми размери – поплави, пожари, земјотреси, свлекување на земјиштето, урнатини и слично.

За прифат на евакуираното население се предвидуваат населени места, туристички населби, викенд населби, бањски лекувалишта и слично и истите треба да овозможат нормално одвивање на животот на евакуираните лица и задоволување на нивните основни потреби.

За таа цел треба да се планираат:

-Објектите за сместување – индивидуални стамбени објекти, домови, училишта, одмаралишта, хотели, мотели и други видови објекти;

-Правците на движење на евакуираните лица и сообраќајната инфраструктура;

-Здравствените установи;

-Водоснабдувањето;

-Обезбедувањето на исхрана;

-Продолжувањето на образовниот процес на децата од училишна возраст;

-Мерките за безбедност;

-Превозните средства за транспорт на евакуираните;

Конкретните податоци за вкупниот број на населението, како и за категориите на граѓани кои подлежат на евакуација ќе бидат утврдени со плановите за заштита и спасување, при што детално ќе бидат обработени сите прашања во однос на планирањето, организирањето и спроведувњето на евакуацијата и прифатот на евакуираните лица, особено за определување на населените места во кои се врши евакуација и во кои се врши прифат на евакуирано население, потребата за уредување на реоните и објектите предвидени за прифат на евакуираното население, утврдување на видот и начинот на превоз, ангажирањето на органите на државната управа, трговските друштва, јавните установи и служби и други субјекти во евакуацијата и прифатот на населението.

За успешно извршување на евакуацијата потребно е да се ангажираат сите надлежни субјекти од различни области.

9. ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСТРАДАНОТО И ЗАГРОЗЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Со оглед на фактот дека територијата на општината Виница е загрозена од различни видови природни непогоди и други несреќи кои може да предизвикаат сериозни последици врз населението, се наметнува потребата од преземање на мерки и активности за згрижување на загрозеното и настраданото население, што подразбира обезбедување на основни услови за живот на загрозените и настраданите.

Во општина Виница има голем број на објекти во приватна употреба, особено во урбаните средини (хотели, училишта, домови и слично) кои може да се искористат за сместување, исхрана и здравствено згрижување на загрозеното и настраданото население и истите со сите релевантни показатели треба да бидат евидентирани и на соодветен начин обработени во планските документи на сите носители на планирање.

Природните непогоди покрај директните последици врз населението и материјалните добра во голема мера го нарушуваат нормалното одвивање на животот на подрачјето на кое има таква појава (земјотрес, поплава, пожар и слично) и заради тоа во планриањето, подготвувањето и спроведувањето на мерките во однос на згрижувањето на загрозените и настраданите (обезбедување на квалитетна вода за пиење и употреба, здравствена заштита, спречување на појава на заразни болести и епидемии, социјална заштита и слично), значајно место и улога имаат органите и институциите на Републиката во општината согласно нивните надлежности и делокруг на работа, особено:

-Министерство за здравство;
-Заводот за здравствена заштита;
-Министерство за труд и социјални работи;
-Министерството за образование и наука;
-Локалната самоуправа;
-Организацијата на црвен крст;
-Угостителските објекти во приватна сопственост и други.

Во процесот на планирање, односно изготвување на планските документи, врз основа на видот, карактерот и интензитетот на природната непогода, потребно е:

-Да се процени можниот број на загрозено и настрадано население, како и другите последици кои може да бидат предизвикани;

-Да се утврдат подрачјата и реоните каде во зависност од видот на природната непогода би имало најголем број загрозени и настрадани;

-Да се определат реоните за прифат на загрозеното и настраданото население;

-Да се разработи начинот на нивно пронаоѓање и давање прва медицинска помош;

-Да се определат објектите за сместување;

-Да се дефинира начинот на обезбедување на исхрана и другите потреби на загрозените и настраданите.

Бројот на загрозени и настрадани лица за кои е потребно да се изврши згрижување зависи од видот и обемот на природната непогода и заради тоа проценувањето треба да се врши посебно за секој вид на природна непогода.

Условите за спроведување на згрижувањето ќе бидат неповолни заради недоволните капацитети за сместување, недостаток на храна и вода за пиење и употреба, несоодветните хигиенски услови и слично, а посебна опасност во такви услови претставува можноста од појава на заразни заболувања и заради тоа треба да се спроведува континуирана контрола на примероци од храната и водата.

10. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Имајќи ги предвид опасностите од можните акциденти со опасни материи, како и последиците кои може да бидат предизвикани врз населението, животните, растенијата и материјалните добра, потребно е надлежните субјекти да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата;
-Дозиметриската контрола;
-Детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје;
-Лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите катактеристики на РХБ контаминентите во зависност од можностите во општината.

Во зависност од состојбата на теренот и степенот на контаминација на луѓето, животните и производите од животинско потекло, растенијата и растителните производи, објектите, површините, возилата, материјално-техничките средства и опремата, потребно е да се преземат мерки за лична и колективна заштита, кои ќе бидат дефинирани и разработени со планските документи за заштита и спасување. Имајќи ги предвид опасностите и евентуалните последици кои може да настанат во услови на природни непогоди или техничко – технолошки несреќи од поголем обем, потребно е сите задолжени субјекти во рамките на своите надлежности и делокруг на работа да преземат мерки за заштита, како на превентивн план, така и оперативни мерки за отстранување на опасностите и справување со предизвиканите последици.
Во спроведување на мерките за заштита и спасување ќе бидат ангажирани:
-Единицата за РХБ заштита;
-Тимовите за брз одговор за заштита од хемиски несреќи;
-Експерти и други стручни лица од задолжени субјекти;
-Просторните сили за заштита и спасување и други.

11. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Ако се земе во предвид дека во отежнатите услови за живот и работа во услови на природни непогоди истите драстично се зголемуваат, заради заштита и спасување на населението, потребно е од страна на сите задолжени субјекти да се преземат следните мерки и активности:

-Спречување на појавата на масовни заразни заболувања;

-Контрола на заболувањата против кои се спроведува задолжителна имунизација; континуиран мониторинг и евалуација на санитарно-хигиенската состојба на водоснабдувањето на населението, на објектите за водоснабдување и на безбедноста (квалитетот и здравствена исправност) на водите за пиење.

Републичкиот завод за здравствена заштита и Дирекцијата за храна, во соработка со јавните комунални претпријатија кои управуваат со објектите за водоснабдување, потребно е да вршат засилена контрола на исправноста и безбедноста на водата за пиење од градските водоводи и превентивна заштита од појава на контаминација на водата за пиење, како и заштита на здравјето на населението; следење на санитарно-хигиенската и епидемиолошката состојба;

редовно одржување на станиците за прифаќање, пречистување и преработка на површински води кои се наменети за вода за пиење и употреба; заради превенција, намалување или елиминирање на опасноста од загадување на водите наменети за јавно снабдување на населението, од страна на надлежните органи потребно е да се изврши определување на широка заштитна зона на извориштата и континуиран мониторинг на теренот;

елиминирање на ризични појави од потенцијални загадувачи со употреба на средства за заштита на растенијата, пестициди во земјоделието и друг земјоделски отпад, диспозиција на каналски отпадни води, локации за смет, токсичен отпад и др.).

Државниот санитарен и здравствен инспекторат во чија надлежност е контролата на пошироките заштитни зони, редввно да вршат контроли на овие површини и да преземаат санитарно-хигиенски и противепидемиски мерки.

Дирекцијата за храна во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита да ги преземат сите неопходни превентивни мерки и согласно надлежностите, континуирано да ги спроведуваат своите активности со инспекциски контроли врз системите за јавно снабдување на населението со вода за пиење и домашна употреба.

-Здравствениот сектор во Република Македонија да обезбеди редовнаиинтензивна здравствена заштита на населението и за таа цел, во зависност од потребите може да се развијат и подвижни медицински единици во непосредна близина или на самото место на непогодата.

Примарна цел во услови на природни непогоди и други несреќи преставува превентивната заштита на населението и материјалните добра, односно прифаќање, заштита и медицински третман на наслението кое останало без основни услови за живот или е повредено и трауматизирано со настанувањето на природната непогода.

Во планирањето, организирањето и спроведувањето на мерките и активностите за прва медицинска помош ќе бидат ангажирани републичките единици за заштита и спасување и тимовите за брз одговор, како и просторните сили за заштита и спасување формирани во единиците на локална самоуправа, месните самоуправи и трговските друштва, јавните установи и служби.

12. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИТЕ И ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКИ ПОТЕКЛО

Во услови на природни непогоди и други несреќи, особено загрозени се и животните и производите од животинско потекло при што може да дојде до брзо проширување на повеќе видови заразни болести. Исто така, присутни се и зоонозите со размножувањето лесно може да преминат од животните на луѓето.

Заради неповолните услови за одгледување на животните, нивната исхрана, отежнато снабдување со вода, несоодветна ветеринарна заштита, заразните болести имаат експанзивен тек на ширење и за кратко време се развиваат во вид на епидемии, со зафаќање на пошироки подрачја и региони.

Заради отстранување на опасностите, како и заради намалување или елиминирање на можните последици, потребно е сите задолжени субјекти да преземат мерки и активности во рамките на своите надлежности и делокруг на работа.

Во случај на постоење на опасност од појава на природни непогоди, се преземаат превентивни мерки за спречување на настанување и ширење на заразни и паразитирани болести и тоа:

-Заштитни вакцинирања;

-Дијагностички и други испитувања;

-Дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

-Нештетно отстранување на животинските лешеви;

-Контрола на водата и сточната храна;

-Контрола на објектите за сместување на животните;

-Контрола на животните во прометот;

-Контрола на превозните средства за храна и жив добиток;

-Дотур на чиста вода и здрава сточна храна и

-Лекување на заразените и повредените животни.

Исто така, ветеринарната управа, ветеринарниот институт, ветеринарните станици, сточарските претпријатија, живинарските фарми и индивидуалните сточари вршат континуирана контрола на производството во месната индустрија, прометот и транспортот на добитокот, начинот на чување и ускладиштување на производите од животинско потекло и суровините, а на граничните премини се врши контрола на меѓународниот промет и транзит.

Покрај експертите од надлежните субјекти, во спроведувањето на мерките за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло учествуваат и единиците за заштита и спасување и тимовите за брз одговор, како и просторните сили формирани во единиците на локална самоуправа.

За ефикасно отстранување на опасностите и сузбивање на можните заразни болести кај животните потребно е посебен акцент да се даде на опремувањето на сите субјекти вклучени во проблематиката на заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло со соодветни материјално-технички средства и опрема.

13. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈАТА И ПРОИЗВОДИТЕ ОД РАСТИТЕЛНИ ПОТЕКЛО

Во услови на природни непогоди и други несреќи предизвикани од опасни материи со радиолошко, хемиско и биолошко дејство, земјоделските и шумските растенија, се изложени на дејствата на голем број болести и штетници, кои може да нанесат големи материјални штети, со значајно намалување на приносите и намалување на квалитетот на земјоделските производи, како и намален прираст на дрвната маса, а во одделни случаи да предизвикаат и сушење на шумските насади.

Кај растенијата и производите од растително потекло можна е појава на најразлични болести, кои во зависност на интензитетот и местоположбата може да предизвикаат значителни штети и заради тоа се наметнува потребата за навремено преземање на превентивни и оперативни мерки за нивна заштита од страна на:

-Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

-Специјализираните институти за земјоделство, раноградинарски производи, тутун и слично;

-„Македонски шуми" и нејзините подрачни организациони единици;

Националните паркови;

-Земјоделските комбинати и трговски друштва кои стопанисуваат со земјоделски површини;

-Единиците на локална самоуправа;

-Трговските друштва од преработувачката индустрија;

Во заштитата на растенијата и приозводите од растително потекло учествуваат и организираните сили за заштита и спасување кои се формирани на регионален принцип и кои ја покриваат целата територија на Република Македонија, но истите во наредниот период треба да се обучат, оспособат и опремат согласно персоналниот и материјалниот состав, со цел да можат успешно и ефикасно да се справат со опасностите и евентуалните последици предизвикани од природните непогоди.

14. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанацијата на теренот како мерка за заштита и спасување, особено значење има во услови на природни непогоди и други несреќи кога заради нарушување на состојбата и предизвиканите последици постои зголемена опасност од појава на:
заразни заболувања кај населението, животните и растенијата,
голем број на повредени и загинати лица,
загадување на водата за пиење и употреба,
присуство и загаденост на територијата со опасни материи,
нарушување на обезбедувањето на здравствена заштита,
голем број на угинати животни,
опожарени и поплавени објекти,
појава на урнатини и слично.

Со цел успешно справување со опасностите и последиците предизвикани од природните непогоди и другите несреќи, потребно е во асанација на теренот да се ангажираат сите задолжени субјекти кои согласно надлежностите и делокругот на работа имаат обврски на тој план, особено:
Министерството за здравство;
Министерство за животна средина и просторно планирање;
Единиците на локална самоуправа;
Комуналните претпријатија од различни области;
Јавните установи и служби;
Други органи и институции.

Задачите на субјектите во однос на асанацијата на теренот се во директна зависност од видот и обемот на природната непогода, како и од последиците кои би биле предизвикани, но генерално потребно е да се преземат мерки и активности за:

-Спречување на појава на заразни заболувања кај населението, а доколку истите веќе се појавиле, да се изврши згрижување во здравствените установи;

-Откривање, идентификување и погреб на загинатите лица на предходно планираните локации за таа намена;

-Сузбивање на епизоотиите и епифитотиите кај животните и растенијата;

-Закоп на сите угинати животни и спалување на растенијата;

-Обезбедување на хемиски и бактериолошки исправна вода за пиење и употреба;

-Деконтаминација на луѓето, објектите, површините и другите материјални добра;

-Обезбедување на здравствена заштита и прифат на сите повредени и заболени;

-Гаснење на појавените пожари во урбаниот дел и на отворени простори;

-Заштита од поплави и згрижување на лицата од поплавените објекти со

-Обезбедување на основни услови за живот;

-Расчистување на појавените урнатини и транспорт на градежниот материјал до планираните локации за таа намена;

-Поправка и санирање на состојбата во однос на електричната мрежа, ПТТ инсталациите, топловодните инсталации и канализационата мрежа;

-Други мерки и активности во зависност од состојбата на теренот и потребите за негова асанација.

Република Македонија

Општина Виница

Бр. 09-287/2 од 13.03.2015

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ВИНИЦА

План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општина Виница

Виница, Февруари 2015 година

ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ НА ОПШТИНА ВИНИЦА

Воведни напомени по Планот за заштита и спасување

Согласно со законската и подзаконската регулатива од областа на заштитата и спасувањето и Проценатa на загрозеност на подрачјето на општината од природни непогоди и други несреќи а врз основа на член 22 став 1 точка 10, од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/02), како и член 4 став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр.36/04), а заради организирано спроведување на заштитата и спасувањето согласно член 10 и член 13 став 1 од истиот закон, Советот на општина Виница на предлог на Градоначалникот на општина Виница согласно член 11 на истиот закон го донесе **Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Виница.**

Со содржината на планот опфатени се:

- опасностите и загрозувањата на подрачјето;
- концептот за одговор; потребните и расположливите ресурси и нивна супституција;
- прифат на ангажираните сили и средства;
- раководење и командување со ангажираните сили;
- додатоците и прилозите кон планот, упатство за работа на реализаторот на планот;
- база на податоци потребна за реализација на планот и постапка за известување на јавноста;

Истиот ги опфаќа оперативните функции на мерките за заштита и спасување кои се спроведуваат со посебна Уредба на Владата пропишана во (Сл. Весник на Република Македонија бр.80/05) за начинот на спроведување на мерките за заштита и спасување а тоа се:

Активности и мерки за заштита во случај на непосредна воена опасност:

- прибирање на податоци за можната опасност;
- ставање во функција на системот за врски и известување на учесниците во заштита и спасувањето;

- известување на граѓаните и на надлежните и одговорни лица задолжени за заштита и спасување;
- зголемена готовност и активирање на надлежните органи и силите за заштита и спасување во ЕЛС;
- обезбедување на јавниот ред и мир во загрозеното подрачје и
- превземање на други мерки поврзани со заштитата и спасувањето.

Активности и мерки кои задолжително се преземат за време на опасноста се:

- самозаштитни активности на граѓаните и правните лица;
- санација на подрачјето зафатено со несреќата;
- обезбедување и давање на неопходна помош на загрозеното и настраданото население;
- спроведување на здравствени и хигиено-епидемиолошки мерки;
- спроведување на мерки за заштита на животните и растенијата и производите од нив и
- организирање на снабдувањето и комуналните услуги заради брзо нормализирање на животот.

Активности и мерки кои задолжително се спроведуваат за отстранување на последиците се:

- процена на штетите и последиците;
- санација на подрачјето зафатено со несреќата;
- обезбедување и давање на неопходна помош на загрозеното и настраданото население;
- спроведување на здравствени и хиieно-епидемиолошки мерки;
- спроведување на мерки за заштита на животните и растенијата и производите од нив и
- организирање на снабдувањето и комуналните услуги заради брзо нормализирање на животот.

Мерки за заштита и спасување за подрачјето на општина Виница

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на мерки и активности од страна на сите субјекти вклучени во заштитата и спасувањето на територијата на општината. Во зависност од тоа дали станува збор за спречување на настанување на природни непогоди или за отстранување на последиците од нив се превземаат потребните **превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување.**

Во функција на **превентивните мерки** за заштита и спасување од оперативен карактер спаѓаат:

- изготвување на процена на загрозеност од можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
- имплементирање на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во процесот на редовно планирање и работа, од страна на сите субјекти на просторот на општината и на сите нивоа;
- уредување на просторот во општината и изградба на објекти во функција на заштитата и спасувањето;
- воспоставување на организиран систем за заштита и спасување и обезбедување на персонални и материјални ресурси за реализација на планираната организација.

Превентивните мерки за заштита и спасување, особено значење имаат при планирањето и уредувањето на просторот, при изготвување на проекти за изградба на објекти и технолошки процеси кои според намената и карактерот се високо ризични и претставуваат потенцијална опасност за населението и материјалните добра, при изградба на инфраструктурни објекти и слично и во функција на заштитата и спасувањето треба да се обезбеди изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, изградба на одбрамбени насипи и регулирање на водотеците, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на засолништа и други објекти за засолнување на населението, материјалните и други добра од општ интерес.

Оперативните мерки за заштита и спасување се спроведуваат во услови на:

- неспоредна опасност од појава на природни непогоди и други поголеми несреќи во мир и во услови на евентуална војна;
- за време на траењето на опасноста;
- за отстранување на настанатите последици;

Мерките за заштита и спасување се утврдени и дефинирани со Законот за заштита и спасување и со нивно соодветно планирање, подготвување од страна на сите субјекти кои се вклучени во системот на заштитата и спасувањето, треба да се обезбеди заштита и спасување на населението, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет, во сите услови на загрозување од природни непогоди, техничко-технолошки катастрофи и други поголеми несреќи во мир и во услови на војна.

Мерки за заштита и спасување *кои ги спроведуваме* се: евакуација-опфатена во поплави, засолнување, згрижување на настраданото и загрозеното население, РХБ-заштита, спасување од урнатини, заштита и спасување од поплави, заштита и спасување од пожари, заштита од неексплодирани убојни средства преку надлежност на републичките сили, прва медицинска помош, заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло, заштита и спасување на растенија и растителни производи, асанација на теренот.

Со донесувањето на Законот за заштита согласно член 61, 93, 94 до 99 создадена е обврската да се формират сили за заштита и спасување на две нивоа и тоа Републичко – републички сили и Локално – просторни сили.

За успешно и целосно спроведување на планските решенија општина Виница има склучено соодветни договори и спогодби со субјектите преку кои ќе се врши набавка, транспорт, а ќе се користат и други услуги во текот на подготвувањето, организирањето и спроведувањето на мерките и акциите во заштитата и спасувањето.

Силите за заштита и спасување имаат постојан и резервен состав. Постојниот состав го сочинуваат вработените во општина Виница односно ДЗС, лицата ангажирани во тимовите за брз одговор, вработените во ТППЕ, просторните сили организирани како самостојни екипи, одделенија, водови.

Единиците се организирани како универзални и специјализирани по сите мерки за заштита и спасување согласно проценатa за загрозеност на општината. За истите сме со постојана обврска да ги пополниме, опремиме и обучиме според пропишаните стандарди за да во дадени ситуации можат професионално да бидат мобилизирани и активирани.

Ракувањето со планот за заштита и спасување за подрачјето на општината вклучува континуирано ажурирање, периодично дополнување и наменски измени на содржината доколку дојде до измени во Проценатa на загрозеност, значајни измени во расположливите сили за заштита и спасување или доколку тоа се утврди со Годишната акциона програма за заштита и спасување.

Од тие причини неопходно е постојано следење на состојбите на подрачјето од можностите за појава на нови, досега непредвидени или тешко предвидливи опасности, нивно евидентирање и вградување на нови плански решенија во документите од Планот.

Употребата на планто за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општина Виница е врз основа на Одлука што е донесена од Советот на општината, но во одредени ситуации, кога тоа го бара итноста, одлука за употреба на Планот може да донесе и Градоначалникот или Командантот на штабот за ЗиС.

Со планот и мерките содржани во него е создадена можност да се утврдат обврските и на јавнтие претпријатија, установи и служби што се основани од локален карактер за подрачјето на општина Виница и соодветно нивно опремување и подготвување согласно Одлуката на Владата (Сл. Весник на РМ бр.124/06) за утврдувањето на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување.

Општина Виница
По овластување на Градоначалникот
Александар Трајков

Р е п у б л и к а М а к е д о н и ј а
О п ш т и н а В и н и ц а

Прилог бр.___

П Л А Н
ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Д О К У М Е Н Т
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКАТА
ЗАСОЛНУВАЊЕ

ИЗРАБОТУВА			
АЖУРИРАНО			
ОДОБРУВА			

ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ
на мерката з а с о л н у в а њ е

Засолнувањето како мерка за заштита и спасување е процес кој започнува со планска изградба на засолништа и други заштитни објекти во согласност со прописите за просторно и урбанистичко планирање, а се спроведува во случај на постоење на непосредна опасност од загрозување на населението што ја утврдува надлежен орган.

На подрачјето на општината засолнувањето го планира и спроведува ЕЛС со своја служба за заштита и спасување со непосредна соработка со Куќните совети во колективните станбени објекти и сопствениците на изградени засолништа во јавните претпријатија,установи и служби, трговски друштва и претпријатија.

За успешно спроведување на засолнувањето субјектите задолжени за спроведување на засолнувањето ги преземаат следните мерки и активности :

Ред. бр.	Задача - активност	Носител на задачата активноста	Време на реализација	Соработува со	Прилог	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7
И. ПРЕВЕНТИВНИ И ПОДГОТВИТЕЛНИ МЕРКИ						
1.	Планирање на засолнишни објекти во урбанистичките планови со кои се уредува подрачјето на општината.	Одделение за урбанизам и заштитан а животна средина	При изработка на урбанистичките планови или нивни измени и дополни	-ДЗС-ПОЗС - Винница	Прилог бр. 3 Преглед на засолнишните капацитети, подрумски и рововски	
2.	Тековно одржување и сервисирање на изградените засолништата и опремата.	Куќните совети и раководителите на засолништата Сопствениците на изградените засолништа	Во утврдени временски рокови	ЕЛС-Винница, служба за ЗиС; ТППЕ - Винница	Прилог бр. 1 Преглед на засолнишните капацитети, подрумски и рововски	
3.	Евидентирање и преглед на засолнишни, подрумски и други помошни простории кои ке бидат адаптирани ке се користат како објекти за засолнување-засолни.	ЕЛС-Винница, служба за ЗиС:	При изработката на планските документи за организирање на мерката засолнување	ЕЛС-Винница, служба за ЗиС:	Прилог бр. 6 Преглед на потребите од засолнишни капацитети	

1	2	3	4	5	6	7
4.	Планирање и обезбедување на материјални ресурси за потребите на засолнувањето	ЕЛС-Виница, служба за ЗиС;	При изработката на планските документи	Одделение за урбанизам;	Прилог бр. 7 Преглед на потребните материјални ресурси	
ИИ. ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ						
1.	Задолжување на одговорните лица во субјектите да извршат комплетна проверка на исправноста на засолништата и опремата во истите.	ЕЛС-Виница, служба за ЗиС;	Во случај на постоење на непосредна опасност		Прилог бр. 2 Преглед на зададените задачи на учесниците во засолнувањето на населението и матер. добра	
2.	Отпочнување со адаптација на подрумските простории	-Куќните совети -Одговорните во претпријатијата и установите и Сопствениците на објектите-куќите	Во случај на постоење на непосредна опасност	ЕЛС-Виница, служба за ЗиС; Одделение за урбанизам;		
3.	Се известува населението да се обезбедат со соодветни количини на храна,вода и лекови за престој во засолнишен објект.	ЕЛС-Виница, служба за ЗиС;	– ” –	Средствата за јавно информирање		
4.	Ставање во функција назасолниш-ните одбјекти и запседнување од страна на граѓаните	Раководителите на засолништата	За време на траење на опасноста		Прилог бр. 8 Упатство за запоседнув, престој и напуштање на засолништето	
5.	Се врши увид во засолништата дали се напуштени од граѓаните и се подготвува засолништето за евентуално негова повторно запоседнување	Раководителите на засолништата	По престанок на опасноста	Со граѓаните кои го користеле засолништето		
6.	Во случај да нема можност да се напушти засолништето поради негово оштетување или поради настанати урнатини веднаш се пристапува кон спасување и извле кување на затрупаните при што се употребуваат специјализиран. сили за заштита и спасување	Просторен штаб за заштита и спасување Просторни сили	По добивање на информацијата	Подрачен штаб за заштита и спасување Републички сили		
7.	Континуирано се известуваат Просторниот и Подрачниот штаб за заштита и спасување за настаната состојбата и преземе-ните мерки и активности.	Раководителите на засолништата	По престанок на опасноста			

Прилог бр. 1

П Р Е Г Л Е Д
на засолнишни капацитети – подрумски и рововски

Ред. бр.	Вид на заштита на засолнишниот објект	Подрумски простории Рег. Број	Број на засолнишни места во подрумски простории	Рововски засолнини Рег. Број	Рововски засолнини Засолнишни места	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7
1	ВИНИЦА (место на живеење)	1.200	4.000	/	/	
2	ВИНИЦА (место на работа)	15	470	/	/	
3	ЈАКИМОВО (место на живеење)	70	250	10	500	
4.	ЛЕСКИ (место на живеење)	30	90	4	200	
5.	БЛАТЕЦ (место на живеење)	50	200	10	500	
6.	ИСТИБАЊА (место на живеење)	50	160	/	/	
	ВКУПНО:	1.415	5.170	24	1.200	

Прилог бр. 2

Ред. Бр.	**УЧЕСНИЦИ** во засолнувањето на населението	**ЗАДАЧИ** на учесниците
1	ГРАЃАНИТЕ	-Учество во извршување на засолнувањето; изградба Ѓ адаптација на објекти за засолнување.
2	ОРГАНИТЕ, ТД, УСТАНОВИТЕ И СЛУЖБИТЕ	-Планирање, подготвување на активности и спроведување на засолнувањето на вработените; изградба, адаптација и прилагодување на објекти за засолнување; опремување на објектите за засолнување и одржување во употреблива состојба.
3	ДЗС Ѓ ПОЗС ВИНИЦА	-Планирање на засолнувањето; подготвување-планирање на активности за уредување на просторот; евиденција на засолништата; учество во спроведувањето на засолнувањето со сили за заштита и спасување.
4	ЕЛС ВИНИЦА	-Планирање, подготвување и спроведување на засолнувањето; подготвување на активности за спроведување на засолнувањето; планирање и обезбедување на материјални средства и опрема за изградба на рововски засолништа во непосредна опасност; учество со просторни специјализирани и универзални единици во спроведувањето на засолнувањето.

Прилог бр. 3

П Р Е Г Л Е Д
на објекти предвидени за засолнување

Ред. бр.	Урбана или месна заедница	Локација - адреса	Отвореност	Капацитет
1	2	3	4	5
1.	ВИНИЦА	ул. „Браќа Миладиновци“ бр. 29	300	30
2.	ВИНИЦА	ул. „Страшо Пинџур“ бр. 1	100	75
3.	ВИНИЦА	ул. „Страшо Пинџур“ бр. 2	100	75
4.	ВИНИЦА	ул. „Страшо Пинџур“ бр. 3	100	75
5.	ВИНИЦА	ул. „Пионерска“ бр. 2	100	50
6.	ВИНИЦА	ул. „Маршал Тито“ бр. 6	100	45
7.	ВИНИЦА	ул. „Мито Х. Јасмин“ бр. 1	300	100
8.	ВИНИЦА	ул. Бел Камен“ б.б	300	45
9.	ВИНИЦА	ул. „Пепелиште“	100	400
10.	ВИНИЦА	ул. „Страшо Пинџур“ бр. 6/1	100	50
11.	ВИНИЦА	ул. „Страшо Пинџур“ бр. 6/2	100	50
12.	ВИНИЦА	ул. „Браќа Миладинови“ бр. 33	100	75
13.	ВИНИЦА	ул. „Страшо Пинџур“ бр. 7	100	75
14.	ВИНИЦА	ул. „Браќа Миладинови“ бр. 37	100	50
15.	ВИНИЦА	ул. „Партизанска“ б.б	100	100
16.	ВИНИЦА	ул. „Бел Камен“ б.б.	300	32

Прилог бр. 8

У П А Т С Т В О

за запоседнување, престој и напуштање на засолниште

Ако е дадена наредба или има поптреба од спроведување на мерката за заштита и спасување засолнување со што се јавува потребата да се користат објектите за засолнување (засолништа,засолни,подрумски и други помошни простории и слично) од страна на граѓаните , тогаш е потребно да го преземат следното:

1. Пред заминување во засолниште

- ги ислкучуваат сите електрични апарати од мрежата за електрично напојување;
- ги затвораат доводите на вода, гас и слично;
- од отворените површини на станот или станбениот објект (прозорци) ги отстрануваат лесно запливите материјали (пердиња, хартии и слично);
- ги земаат со себе личните документи и средства за РХБ заштита, подготвената храна и вода;
- не смее да се носат габаритни предмети кои не се неопходни за време на престојот во засолништето и
- смирено без турканици и создавање на паничка и страв брзо одат во објектот за засолнување.

2. За време на престој во засолниште

- се воздржуваат од било какви коментари и дискусии кои можат да предизвикат страв и паника кај другите ;
- во целост се придржуваат кон упатствата и наредбите ќто ги дава раководителот на засолништето;
- засолништето се напушта по дадениот знак за прстанок на опасноста;

3. При напуштање на засолништето

- ако е наредено да се користат средствата за РХБ заштита истите се користат;
- засолништето се средува и се доведува во состојба за поновна употреба ако за тоа се укаже потреба;
- граѓаните се враќаат во домовите И пристапуваат кон отстранување на евентуални настанатите последици, укажуваат прва помош, гаснат појавен пожар, вршат лесна деконтаминацција врз самите себе и покуќнината и просторот ако се употребени РХБ контаминенти т.е. пристапуваат кон нормализирање на настанатата состојба.

Прилог бр. 6

П Р Е Г Л Е Д

На потребите од засолнишни капацитети


Ред. бр.	Општина	Вкупен број на жители	Вкупно потребни засолнишни места			Вкупно изградени капацитети			Вкупно недостаток на засолнишни места		
			Место на живеење	Место на работа	Јавно место	Место на живеење	Место на работа	Јавно место	Место на живеење	Место на работа	Јавно место
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
1.	Виница	10.856	7.516	2.700	150	555	772	-	6.961	1.928	150

Прилог бр. 7

П Р Е Г Л Е Д
на потребните материјални ресурси за приспособување на подрумските и други простории за засолнување

Ред. Бр.	Вид на материјалното средство	Потребна Количина	Ги обезбедува - набавува	Забелешка
1.	Полиетиленски вреки	1000 броја	ЕЛС-Виница	
2.	Сепариран песок	25 м3	ЕЛС-Виница	
3.	Штици 3x20x150	2 м3	ЕЛС-Виница	
4.	Шајки 8-10	3 кг	ЕЛС-Виница	


Калиманци
Грљани
Трстија
Трсино
Истибања
Црн Камен
Виничка Кршла
Јакимово
Драгобраште
Крушево
Виница
Пекљани
Лески
Градец
Липец
Блатец
Лаки
ОПШТИНА ВИНИЦА
село
гратче
општинска граница
атар
Вини.
општинско седиште
општина


Untitled Map
Write a description for your map.
Beli
Kochani
Nikola Karev

Р е п у б л и к а М а к е д о н и ј а
О п ш т и н а В и н и ц а

Прилог бр.___

П Л А Н
ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Д О К У М Е Н Т
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКАТА
ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

ИЗРАБОТУВА			
АЖУРИРАНО			
ОДОБРУВА			

Прилог бр.___

ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКАТА
Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло

Ред бр.	Задача - активност	Носител на задачата активноста	Врема на реализација	Соработува со	Прилог	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7
И. ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ						
1.	Следење на состојбата на подрачјето од можностите од појава на болести кај животните кои можат да предизвикат сериозни последици со преземање на следните мерки и активности: - инструкции за правилно сместување, исхрана и напојување на животните; - редовно вакцинирање; - лабораториска контрола на крвта и другите излачувања кај животните и производите од животинско потекло; - Навремено обезбедување на доволни количини од храна и вода и соодветна заштитан на истата од секаков вид на загадување	-Ветеринарна станица Виница;	Континуирано	-Други ветеринарни установи од подрачј. -Одгледувачниците сопственици на жив. од подрачјето; -ЕЛС Виница; -Институт за ветеринарство-Скопје;	Прилог бр.___ Преглед на ветер. станици и други вет. установи од подрачјето	
2.	Постојана контрола на хигиено-епидемиолошките услови и исправноста на складиштата, магацините,ладилниците и другите објекти во кои се чуваат и складираат производите од животинско потекло.	-Дирекција за храна ПЕ-Кочани	По сопствен план и програма или по потреба	-Центар за јавно здравје; -Ветеринарна инспекција		
3.	Опремување, обучување и постојана и ажурна пополна на специјализираните просторни сили за заштита и спасување на живот. и производи од животинско потекло	-ЕЛС Виница; служба за заштита и спасување	Континуирано и по потреба	-ЕЛС Виница		

ИИ. ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ

1	2	3	4	5	6	7
1.	Извидување на теренот , следење на состојбата и спроведување на мерките предложени од страна на надлежните органи , а најчесто тоа може да бидат: -изолација на заболените животни и нивно карантинско лекување; -изолација на загрозеното подрачје; -вакцинација на животните во загрозеното подрачје; -забрана на колење на животни од загрозеното подрачје; -дезинфекција, дезинсекција и дератизац. на објектите и површините во загрозен. подрачје	-Ветеринарна станица Виница; -Други ветеринарни установи од подрачјето -Просторен штаб за ЗиС -Просторни сили за ЗиС	Веднаш откако ке се добие задолжување - наредба	-Одгледувачниците-сопственици на жив. од подрачјето; -МВР-ПС-Виница. -ПОЗС-Виница; -ЦУК-Виница	Прилог бр.___ Преглед на фондот на домашни животни и живина	
2.	Запознавање на населението со можните опасности кои му се закануваат како и со карактеристиките и начинот на пренесување на заразните болести, превентив. и оперативни мерки за заштита кои треба да се преземат, начинот на однесување како и мерките за безбедност и учество во акциите за заштита и спасување на животните, производите од животинско потекло и сточната храна.	-ЈЗУЗдравствен дом Виница; -ЕЛС-Виница; -Просторниот штаб за заштита и спасување; -Локалните средства за јавно информирање .	Веднаш по добивањето на потребните информации за карактеристиките на заразната болест.	-Одгледувачниците-сопственици на жив. од подрачјето; - МВР-ПС-Виница. -ПОЗС-Виница; -ЦУК-Виница		
3.	Спроведување на РХБ заштита на загрозените животни и производите од животинско потекло .	-Одгледувачите и сопственици на животни ; -Сопствениците на ладилници,складишта и магацини.	Веднаш по настанување на таквата состојба	-Просторен штаб за заштита и спасувае; -Просторни сили за заштита и спасување; -Републички сили за заштита и спасување	Прилог бр.___ Преглед на ладилници и складишта за производи од живот. потекло	

4.	Спроведување на мерки и активности за спречување на настанување на пожари на објектите каде се чуваат животните,производите од животинско потекло и храната за животните	-Одгледувачите и сопственици на животни ; -Сопствениците на ладилници,складишта и магацини.	Постојано, а особено во период на изразена опасност од пожари	-ЕЛС Винница; -ТППЕ Винница	
5.	Санирање на настанатите последици и преземање на санитарно-хигиенски мерки на загрозеното подрачје за спречување на ширење на заразни болести	-Просторен штаб за ЗиС; -Просторни сили за ЗиС -Сопственици на животни и објекти за складирање и чување на производи од животинско потекло	Веднаш по настанатата состојба	-ПОЗС Винница; -Ветеринарна станица Винница;	Прилог бр.___ Преглед на градеж. и друга механизац. која може да биде ангажирана

Прилог бр.___

ПРЕГЛЕД НА ФОНДОТ НА ДОМАШНИ ЖИВОТНИ И ЖИВИНА

КАТЕГОРИИ	НАСЕЛЕНО МЕСТО	ВКУПНО	ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА/ЗАДРУГИ	ИНДИВИДУАЛНИ ЗЕМ. СТОПАНСТВА	ЗАБЕЛЕШКА
ГОВЕДА		**1.687**	///////	**1.687**	
До 1 год.старост					
Постари од 1 год .					
Крави стелни јуници					
Други говеда					
СВИЊИ		**3.005**	//////	**3.005**	
Прасиња до 2 месеци					
Свињи од 2 до 6 месеци					
Маторици и спрасни назимки					
Нерези					
Други свињи					
ОВЦИ		**17.487**	//////		
Јагнишa и шилежиња					
Овци за приплод					
Овни и јалови овци					
КОЗИ		**1.965**	/////	**1.965**	
ЖИВИНА		**40.000**	/////	**40.000**	
ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА		**1.500**	/////	**1.500**	
РИБИ		/////	/////		

Прилог бр.___

ПРЕГЛЕД НА ОДГЛЕДУВАЛИШТА ЗА ДОБИТОК, ЖИВИНА И РИБИ

Име на одгледувалиштето	Адреса	Телефон/факс	Населено место	Карактеристики на објектот	Капацитет	Вкупен број на објекти од таков вид	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7	8

ЗАБЕЛЕШКА: На подрачјето на општината нема регистрирано одгледувалишта.

Прилог бр.___

ПРЕГЛЕД
НА СУБЈЕКТИ КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИ

Ред. Број	Име на субјектот	Адреса	Локација	Раководител	Телефон/факс	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7
1.	Ветеринарна станица-Виница		Виница			

Прилог бр.____

ПРЕГЛЕД
НА ВЕТЕРИНАРНИ СТАНИЦИ-АМБУЛАНТИ И БОЛНИЦИ

Име		Адреса	Телефон/факс	Населено место / општина	Вработен персонал				Вк. капацитет на сместување	Забелешка
Станица / амбуланта	Болница				Вкупно	Д-р	Вет. Тех.	Бол.		
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
Вет.станица Виница	///	Виница		Виница	4	2	2	/	//	

Прилог бр.____

ПРЕГЛЕД
НА ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА И ТЕРЕНСКИ ВОЗИЛА

Ред. број	НАСЕЛЕНО МЕСТО	БРОЈ НА ПУНКТОВИ	ВИД И БРОЈ НА МЕХАНИЗАЦИЈА И ТЕРЕНСКИ ВОЗИЛА					ЗАБЕЛЕШКА
			БУЛДОЖЕР	НАТОВАРУ-ВАЧ	БАГЕР	КАМИОН ДО 20 ТОНА	ТЕРЕНСКО ВОЗИЛО	
1	2	3	4	5	6	7	8	9
1.	**Виница**	**1**	**//**	**4**	**5**	**3**	**3**	

Прилог бр.___

ПРЕГЛЕД
НА ВЕТЕРИНАРНИ АПТЕКИ И ВЕЛЕДРОГЕРИИ

Ред. број	Име	Адреса	Телефон/факс	Населено место / општина	Број на вработен персонал	Забелешка
1.	´Ветеринарна станица-Виница	Виница		Виница	4	
2.						

Р е п у б л и к а М а к е д о н и ј а
О п ш т и н а ВИНИЦА _____

Прилог бр.___

Д О К У М Е Н Т
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКАТА
ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

ИЗРАБОТУВА			
АЖУРИРАНО			
ОДОБРУВА			

ПЛАН
ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ

Планот за заштита и спасување од пожари подразбира подготовки и спроведувње на превентивни мерки за попречување на избивањето пожари како и подготовки и спроведување мерки за гасење на пожарите и санација на последиците од пожарите.

Планот за заштита и спасување од пожари содржи:
- потсетник за употреба на Планот за заштита и спасување од пожари;
- организација на превентивни мерки за заштита од пожари во стамбени, деловни и други објекти;
- преглед на потенцијални зони на пожари (шумски површини, магацини и складови на стопанските, воените и други институции, запаливи објекти и слично);
- преглед на единиците за заштита од пожари и противпожарните друштва со планот за употреба на истите по реони и објекти;
- преглед на формациските и прирчни средства за гасење на пожари кај трговските друштва, јавни претпријатија , установи и служби и куќни совети;
- шеми на запаливи објекти, противпожарните правци и водни станици со упатство за употреба и приоритети;

1.ПОТСЕТНИК
ЗА
УПОТРЕБА НА ПЛАНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ

Потсетникот на планот за заштита и спасување од пожари опфаќа:

Застапување на мерките за заштита од пожари во сите објекти каде се произведуваат, преработуваат, складираат, и користат запаливи течности и гасови;
- Контролирано движење на луѓето во шумите и предупредување за забрана за палење на оган;
- Обезбедување на хидранска мрежа во секое населено место;
- Одржување на хидранската мрежа во исправна состојба;

2.ОРГАНИЗАЦИЈА
НА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ ВО СТАМБЕНИ, ДЕЛОВНИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ

Превентивни мерки за заштита од пожари кои треба да се применуваат во стамбени ,деловни и други објекти за успешна заштита од пожари се:

- Обезбедување содветни и исправни уреди и инсталациии за заштита од пожари и друга ПП опрема;
- Воведување на пожарен куќен ред во објектите кои не изготвуваат планови за за заштита и спасување. Куќниот ред треба да содржи мерки соодветни на животните и работни услови, организација за заштита од пожар и упатсво за постапка во случај на пожар;
- Поставување инсталации , уреди и постројки зарад спречување предизвикување опасност;
- ЈП или ТД кои стопанисуваат со водоводната мрежа во населеното место е должна да обезбеди улична хидрантска мрежа;

ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКАТА
Заштита и спасување од пожари и експлозии

